**Васил Илов**

**Д**ВЕТЕ ДРЕВНОМАКЕДОНСКИ АЗБУКИ од ДРЕВНИОТ МАКЕДОНСКИ ДИЈАСИСТЕМ подоцна биле ОСНОВА за повеќе ДЕРИВАТНИ АЗБУКИ на некои ДРЕВНОМАКЕДОНСКИ ПЛЕМИЊА, кои составиле свои ВАРИЈАНТНИ АЗБУКИ приспособени на СВОИТЕ НАРЕЧЈА. Таков е случајот со ВИНДИТИ, ФЕНИКИЈЦИТЕ, ВЕНЕТИТЕ, ЕТРУРЦИТЕ, ПЕЛАЗГИТЕ, (БЕЛАЗГИТЕ), ЛЕЛЕЗИТЕ, ЛИКИЈЦИТЕ, ЛИДИЈЦИТЕ, КРИТСКИТЕ ПЛЕМИЊА итн. Тие сите можат да се третираат како ДРЕВНОМАКЕДОНСКИ ПЛЕМИЊА во рамките на ДРЕВНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, бидејќи зборувале на древен МАКЕДОНСКИ или на ДИЈАЛЕКТИ од древниот МАКЕДОНСКИ ПРАЈАЗИК па затоа и се предмет на изучување на ДРЕВНАТА МАКЕДОНИСТИКА. Дури и обидите со таканареченото СЛИКОВНО А и Б ПИСМО и ЛИНЕАРНОТО А и Б ПИСМО пропаднале, бидејќи, како деривати или модификации, биле истиснати од древниот МАКЕДОНСКИ СУПСТРАТ, кој во себе содржел НАЈУПРОСТЕН ГРАФИСКИ и ФОНЕТСКИ СИСТЕМ, т.е. НАЈУПРОСТЕН ВОКАЛЕН и КОНСОНАНТСКИ СИСТЕМ, а тоа ќе рече бил многу ФУНКЦИОНАЛЕН и многу ЕДНОСТАВЕН во секојденвната употреба и комуникација. Веројатно, затоа и во 6363 година од создавањето на светот, т.е. 855 година или 863 година н.е. и светите солунски браќа КИРИЛ и МЕТОДИЈ, кои имаат МАКЕДОНСКИ и СЕСЛОВЕНСКИ РЕФОРМАТОРСКИ ЗАСЛУГИ, па и нивниот претходник - големиот МАКЕДОНСКИ и СЕСЛОВЕНСКИ просветител, историчар, научник и поет ТРП РУЕН веројатно во 6075 година од создавањето на светот, односно во 567 г.н.е. како и КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - големиот МАКЕДОНСКИ и СЕСЛОВЕНСКИ просветител, научник, преведувач, “заменувач на буквите” на ГЛАГОЛИЦАТА со тие од ДРЕВНОМАКЕДОНСКАТА АЗБУКА во 6.406 година од Адама, односно во 893 - 894 г.н.е. и основач на ОХРИДСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ со 3.500 студенти максимално ги искористиле СОВРШЕНО УСТРОЕНИТЕ ДРЕВНОМАКЕДОНСКИ АЗБУКИ, како ИЗВОР, како ПРОТОТИП при таканареченото составување на СРЕДНОВЕКОВНИТЕ МАКЕДОНСКИ АЗБУКИ (условно наречените РУЕНИЦА, ГЛАГОЛИЦА и КИРИЛИЦА) со нешто посложени ВОКАЛНИ СИСТЕМИ, со присуство на ДВОГЛАСКИТЕ и НОСОВКИТЕ, но и со скоро непроменет и целосно искористен ДРЕВНОМАКЕДОНСКИ УПРОСТЕН СПЕЦИФИЧЕН и СОВРШЕН КОНСОНАНТСКИ СИСТЕМ особено искористен во кирилицата, од страна на еден редок ерудит, каков што бил КЛИМЕНТ, кој с# до неговата смрт на “27 јули 6424 година” од создавањето на светот, односно до 916 година по новата ера бил преокупиран со импозантна книжевна дејност. Во овој контекст добиваат исклучително значење зборовите на ромејскиот (византискиот) цар МИХАИЛ ИИИ (842 - 867) кој обраќајќи му се на КОНСТАНТИН - КИРИЛ му рече:
што ќе рече:








Факсимил на плочката бр. 15 од дрвената книга од 567 г.н.е. со зачувано име и презиме
на авторот Трп Руен